Национална агенција за европски образовни програми и мобилност

**ГРУНДВИГ во 2009 година – РЕФЛЕКСИИ**

***Акција: Грундвиг Обука на работно место 2009***

Позитивниот одговор од Националната агенција за европски образовни програми и мобилност за мене беше можност за уживање на придобивките на европските програми за учење, размена и мобилност. Посетата на избраниот курс за оддржлив развој во Брисел беше ново учење на специфична тема која немам можност да ја елаборирам на друго место. Иако првично одбраниот тренинг курс се откажа, тимот во НА ми помогна да одберам нов курс и да го искористам доделениот грант. Сум била и на подобро организирани курсеви, но сепак е вредно искуството и од овој курс.

Учествував на ЕУ неделата на оддржлива енергија (огромен настан со безбројни предавања, изложби, конференции), запознав прекрасни луѓе од европските земји со кои беше забавно да се сподели времето во Брисел, да се м`сне вкусна чоколада и да се ужива бескрајно во белгиското црно пиво (не заборавајте да го пробате CHIMAY или пак FRUIT LAMBIC).

Овој курс  и посетата на Брисел ми дадоа идеи за моја идна професионална наградба, како и идеи за колаборативни проекти и нови партнерства, па затоа топло препорачувам сите да ги искористат овие можности.



Катерина Мојанчевска,
Центар за изведувачки уметности МУТИМЕДИА, Скопје
„Обука на возрасните за одржлив развој на животната средина"
Брисел, Белгија, март 2010
*MKLLP-GRU-A.1.4-2009-0008*

Искуството од посетата на курсот „Каде што има волја, има и компетенција за решавање на проблемот" е навистина нешто вредно за паметење. Пред обуката, истражував во областа на базичните компетенции („меки" вештини) и нивната примена на работното место и секојдневниот живот. Тоа е многу интересна и популарна област, која ја подигнува свесноста за важноста, не само на тоа што можеме да го научиме со нашиот ум, туку и на нешто што го вклучува нашето тело и здравиот разум.

Главната цел на курсот беше запознавање со 14-те базични компетенции и начините на нивно интегрирање во обрзовниот систем. Обуката беше базирана на методот на межусебно учење меѓу посетителите, но и тренерите. Имавме можност да ги развиеме нашите сопствени вештини преку лично искуство и да добиеме инспирација за нивно вградување во обуките кои ние ги вршиме.

Во текот на курсот се стекнав со многу контакти кои продолжија и по враќањето дома. Во текот на посетата се појавија интересни можности за заеднички идни проекти во областа на базичните компетенции но и во други области. Беше формирана и интернет мрежа преку која ќе можеме да разменуваме идеи, искуства, да бидеме во контакт.

Национална агенција за европски образовни програми и мобилност

Искуството и знаењето од курсот го надополнува моето претходно знаење и мојата секојдневна работа. Во мојата институција направив презентација за тоа што се случуваше за време на курсот. Исто така планирам да направам уште неколку работилници на оваа тема. Се разбира, стекнатато искуство околу „меки“ вештини го вклопив и во мојата секојдневна работа како терапевт и советник, со лицата кои имаат потреба од тоа.

Маја Корубин
ЈУ Центар за образование на возрасните
„Каде што има волја, има и компетенција за решавање на проблемот“
Прага, Чешка, јануари 2010
*MKLLP-GRU-A.1.4-2009-0010*

Веднаш по официјалното известување за доделен грант, ги започнав подготовките за обезбедување виза за Кипар и авионски билет. Можам да кажам дека со голема возбуда го очекував овој настан и бев свесен дека сум еден од пионерите во оваа програма како претставник на Република Македонија. Од страна на домаќините бевме пречекани во едно мало место нарешено Аргос и бевме сместени во хотел кој одговарање на потребите на потребната обука.

По официјалното претставување на учесниците и на земјите од кои доаѓаат, работниот дел започна со поделба во групи според фокусот на делување и приоритетите на организациите од кои доаѓаме. Сметам дека агендата беше внимателно подготвена, така што имавме време за конкретна работа по групи, но и доволно време да се запознаеме и да си ги пренесеме нашите искуства. Како активист во граѓанскиот сектор кој има учествувано во по реализација на повеќе од 10 проекти во областа на неформалното образование, како и во реализација на неколку европски проекти, сепак оваа обука за мене е од посебна важност и сосема ново искуство.

Пополнувањето на ваков тип апликација бара најмалку 3 партнери од 3 држави. Пополнувањето на апликацијата е од технички карактер, според однапред дадени насоки. Она што мене ми даде можност да се наметнам е искуството при дефинирањето на проблемот на кој ќе се однесува проектот, каде што во преден план дојде иновативноста. Генерално земено, изработката на ГРУНДВИГ апликација бара огромна концентрација, тимска работа и искрен однос помеѓу партнерите. Јасно ни беа презентирани можните проблеми при презентацијата, како и обврските спрема предложениот буџет. Тука падна и најголемата „шега“ на мој грб, со тоа што Република Македонија ја немаше вклучено во листата на земји, за нас немаше ставка.

За крај можам да кажам дека наредната година, кога Република Македонија ќе биде внесена во табелата со буџетот во Грундвиг Партнерствата за учење, разработената апликација заедно со партнерите од Шпанија и Чешката Република ќе ја поднесеме како предлог проект. Во меѓувреме, стекнатотот искуство и знаење го искористив за аплицирање по повикот за Прекугранична соработка со нашите партнери од Бугарија.

Се разделивме повеќе од добро, и како што рекоа останатите учесници, ние сме група како модел за позитивен пристап при решавањето на проблемите. Редовно сум во комуникација со сите учесници од обуката и во нив гледам партнери со кои можам да постигнам многу повеќе од претходно.







Национална агенција
за европски образовни
програми и мобилност

Зоран Биковски
Хуманитарно добротворно здружение на Роми КХАМ Делчево
*„Подготовка на предлог проекти и управување со европски образовни проекти“*
*Аргос, Кипар, октомври 2009*
*MKLLP-GRU-A.1.4-2009-0005*

Обуката имаше за цел да ги обучи учесниците за ефективно раководење со европски проектен циклус. Ова вклучува: управување со договорните процедури на Европската Комисија, организација и планирање на проектната работа, менаџирање на проектно партнерство, набљудување на развојот на проектот и евалуација на постигнатите резултати, подготовка на извештаи и менаџмент на финансиски и административни прашања за проектите. Методологијата на работа се заснова на интеграција на теорија и пракса, како и студии на случај. По завршувањето на курсот, во текот на четири наредни недели се спроведе курс на далечина, кој учесниците го следеа од нивните работни места преку виртуелни состаноци со назначениот ментор.

Лазареска Снеже
Работнички Универзитет „Кочо Рацин“ Скопје
*„Европски проектен менаџмент“*
*Фиренца, Италија, ноември 2009*
*MKLLP-GRU-A.1.4-2009-0004*

***Акција: Грундвиг Посети и размени 2009***

Јас како претседател на Здружението имав можност од 30 септември до 3ти октомври 2009 година, да го посетам Фествалот на 3-то доба во Словенија. Овој Фестивал традиционално се одржува секоја година, по повод Светскиот ден на старите лица 1-ви октомври. Домаќини ми беа претседателот ба Универзитетот 3то доба во Љубљана. Оваа манифестација, по својата сеопфатност, масовност и активно учество на сите државни органи и јавни институции, невладините организации и приватниот сектор, јасно го докажува односот на сите субјекти во Словенија кон лицата од трето доба, степенот на нивната самоорганизираност и воспоставената меѓусебна соработка.

Моето одушевување и силни впечатоци од односот на државата кон лицата од трето доба во Словенија, силно нагласената и вистински реализирана меѓугенерациска соработка, како и масовното волонтерство на лицата во трето доба, ме мотивира да упатам предлог до Сојузот на пензионерите на Маkледонија, да биде основан Иницијативен одбор за организирање на Фестивал на трето доба во Република Македонија. Воспоставените контакти со колегите од Словенија и нивната согласност да не вклучат во мрежата на Универзитети на 3то доба од повеќе европски земји со кои тие соработуваат и во 2010 да реализираме заеднички проекти како партнери, за нас значи нов поттик и предизвик за уште поамбициозни планови за нашата работа.

Томислав Димишковски
ЗГ Универзитет трето доба, Скопје
*Посета на фестивал 3-то доба*
*Словенија, Љубљана, октомври 2009*
*MKLLP-GRU-A.1.2-2009-0002*

Набљудување на работно место е можност за скенирање на работното место на колега од сродна институција во странство. Реализираната посета послужи за пренесување на искуствата на Народниот Универзитет од Јесенице во врска со: содржината, пристапот и методите во процесот на учењето за возрасни, администрацијата, лидерството како и образовната политика на институцијата. Исто така, акцент беше ставен на искуствата на словеначкиот Универзитет во аплицирање на европски проекти.

Национална агенција
за европски образовни
програми и мобилност

Снежана Трумпеска
Работнички Универзитет „Пере Тошев“ Прилеп
*Набљудување на работно место- Народен Универзитет Јесеници*
*Јесеници, Словенија, октомври 2009*
*MKLLP-GRU-A.1.2-2009-0003*

Целта на Конференцијата беше да се креира форум на кој што учесниците ќе бидат во можност да разменат искуства и иновативни практики во образованието за возрасни и во Партнерствата за учење, со фокус на поддршка на непривилегираните возрасни ученици. Учесници на Конференцијата беа претствници на Националните агенции, претставници на институциите учесници во Партнерствата за учење (особено оние кои промовираат мотивација за помасовно учество на учениците, личен развој) и ученици. Конференцијата беше првична можност за запознавање на претставници на македонските институции во образованието за возрасни со Партнерствата за учење, како и за среќавање на идни партнери.

Биљана Мојсовска
Македонско здружение за образование на возрасни
*Учество на 8-ма европска конференција за Грундвиг Партнерства за учење*
*„Поддршка на флексибилно и индивидуално учење“*
*Стокхолм, Шведска, октомври 2009*
*MKLLP-GRU-A.1.2-2009-0004*

***Акција: Подготвителни посети 2009***

Грундвиг програмата, односно акцијата Подготвителни посети ни овозможи, директно да ги согледаме можностите, разликите, сличностите и бенифициите на зедничката работа со кураторот од Римскиот музеј од Рибчестер, Велика Британија. Во текот на мојата посета на музејот се запознав со структурата на истиот, која се надевам дека ке ја спроведам во нашата институција. Искуствата во однос на работата со волонтери, едукација, маркетинг, во голема мерка ќе помогне да се подобри нашата Установа во поглед на работа со заедницата во сите аспекти на културниот живот.

Пошироката јавност во Рибчестер и Ланкастер преку пишаните медиуми беше запознаена со соработката на Римскиот Музеј од Рибчестер и Музејот од Свети Николе, Република Македонија.

Оваа можност да работиме заедно ни помогна, во тимска работа со партнерите од Словенија и Бугарија, да креираме проект MUSEUM SKILLS EXCHANGE, односно. Како што гласи и името на самиот проект, преку размена на искуства помеѓу партерите сакаме да ја подобриме нашата ефикасност и индивидуалност, идните активности и планови, кои ги внесовме во заедничката апликација. Ваквиот процес на заедничка работа овозможува, блиска соработка на институции и од европското семејство односно размена на искуства и знаеања.

Национална агенција
за европски образовни
програми и мобилност






Александар Данев
Општинска Установа Народен Музеј Свети Николе
*Грундвиг Подготвителни посети 2009*
*Рибчестер, Велика Британија, јануари 2010*
*MKLLP-GRU-A.1.1-2009-0010*

Моето незаборавно патување во Талин!!!

Сознанието дека треба да појдам во Талин, придонесе во мене да се вгнезди единствено чувството на страв и помисла како ќе го преживеам мојот прв авионски лет со мојата фобија од висина. Опседнатоста со авионскиот лет не ми дозволи да создадам било каква слика за градот Талин. Овој пат знаев дека само поаѓам во земја со помалку број на жители од Македонија и со излез на Балтичко море. Тоа е причината што бев презадоволна со самото стапнување на тлото на Талин. Имаше толку многу што да се види, совршен спој на старото и на современото. Од една страна стари градби од кои се гледаа знаменцата на европските претставништва и конзулати. Од друга страна ексклузивни трговски центри и луксузни хотели. Фасцинирана бев и од самата чистота на градот. Не видов ниту еден отпадок ниту пак контејнер. До ден денес се чудам како е можно тоа. Претходно мислев дека причината за нечистиот изглед на нашиот град произлегува од недоволниот број на контејнери. Сега сфатив дека и со непостоење на ниту еден контејнер улиците, парковите, тротоарите можат да бидат беспрекорно чисти.

Доколку вие се прашувате кој град? Со полно срце, би ви одговорила: Талин!!!

Благодарност до Националната Агенција од мое име и од името на мојата организација НВО Хуманост, која ја претставував на контакт семинарот во Талин, заедно со 62 организации од 23 земји, кој беше преуспешен за нас, со склучени интернационални партнерства.






Национална агенција за европски образовни програми и мобилност

Ивана Стојановска
Здружение за унапредување на условите за грижа и сместување на стари и изнемогнати лица „Хуманост“ Скопје
*Контакт семинар*
*„Влкучување на непривилегираните социјални групи во образованието за возрасни“*
*Талин, Естонија, ноември 2009*
*MKLLP-GRU-A.1.1-2009-0002/001*




Контакт-семинарот е настан наменет за вмрежување, кој им овозможи на учесниците да пронајдат соодветни партнерски институции и заеднички да работат на проектна идеја за акцијата Грундвиг Партнерства за учење, за 2010 година. Соочувајќи се со рецесија, инвестирањето во вклучувањето на непривилегираните групи во образованието за возрасни е од особено значење.

Елвис Мемети
Здружение на граѓани „Сумнал“ Скопје
*Контакт семинар*
*„Влкучување на непривилегираните социјални групи во образованието за возрасни“*
*Талин, Естонија, ноември 2009*
*MKLLP-GRU-A.1.1-2009-0005/001*

Контакт семинарот во Будимпешта за мене е најдобро работно искуство досега. Ме радува фактот што таму запознав прекрасни луѓе кои освен професинално како деловни соработници, ги доживувам од првиот ден и како свои пријатели. На взаемно задоволство, комуникацијата со нив продолжи и после одржување на семинарот што ни дава можност за соработка на заедничките идеи.

Со самото пристигнување, уште на аеродромот во Будимпешта имав средби со пријатни луѓе кои сами ти приоѓаат доколку имаш проблем за да стигнеш до местото на сместување. Во хотелот наидов на културен персонал кој професионално си ја завршува својата работа и сето тоа го прави со насмевка на своето лице секогаш кога ќе се обратите. Во холот на хотелот не пречекаа и претставниците од Националната агенција на Унгарија, од кои не ми беше потребно да видам картичка за да ги препознам, затоа што во нив го осетив ведриот дух на нашите вработени од Националната агенција. Како добри домаќини на семинарот, ни овозможија да се опуштиме за меѓусебна комуникација во просториите на нивната агенција и веќе првата вечер да се издвоиме во групи кои имаат слични идеи за понатамошна соработка.

Од првичните разговори кои ги водев со претставниците на поголемиот дел од земјите учеснички, дојдов до заклучок дека ние сме со проблемите многу поблиску до ЕУ отколку што јас можев и да претпоставам. Од предложените теми за работа, можев да видам можност за работа во образование за возрасни, за секоја област за која добивав предлози за партнерства од страна на

поискусните учесници на семинарот. Кај нас проблемите за кои се бара решение со таквите идеи, се во зачеток и ни е потребна превенција за да не се продлабочат, или пак се проблеми кои кај нас не се решаваат затоа што и системската рамка во општеството не е до таа мера развиена за да може без поголеми пречки да се поттикне решавањето. Вториот ден помина во работна атмосфера по интересното утринско загревање со нашата колешка од Романија, која нѐ запозна со индијански ритуал на подготовка за освојување на територија. Се работеше цел ден на идеите од страна на сите шеесетина учесници кои за неколку часа дојдоа до 18 наслови за проекти. На крајот од денот веќе имавме тимови кои беа подготвени да работат заедно на скелетот на своите проекти како би биле подготвени за аплицирањето на европски проекти од програмата Грундвиг, во наредната 2010г. Последниот ден по утринско загревање со јога која го водеше мојата драга колешка Марина, со која таму поминав прекрасни моменти на дружење, секоја од групите го работеше планот на својот проект кој во неколку минутна презентација го претставувавме пред останатите тимови.

Големо задоволство беше да се биде дел од тој настан за кој и после една недела зборувам со големи импресии, но за мене најважно од сè е што се почувствував дел од една целина, што ми е доволен доказ дека треба да продолжиме да работиме во насока на остварување на плановите за интегрирање на нашиот центар со европските институции кои работат во областа на образование на возрасни, затоа што реално имаме капацитет и квалификуван кадар.





Павлина Пецановска Штерјовски
КДС Центар за обука и развој на кадри Скопје
*Контакт семинар*
*„Градење на заедниците, учење во заедниците“*
*Будимпешта, Унгарија, декември 2009*
*MKLLP-GRU-A.1.1-2009-0009*

Контакт-семинарот е настан наменет за вмрежување, кој им овозможи на учесниците да пронајдат соодветни партнерски институции и заеднички да работат на проектна идеја за акцијата Грундвиг Партнерства за учење, за 2010 година.

Марина Анчевска
Агенција за комуникација „Ксантика“ ССС Скопје
*Контакт семинар*
*„Градење на заедниците, учење во заедниците“*
*Будимпешта, Унгарија, декември 2009*
*MKLLP-GRU-A.1.1-2009-0007*

Посетата е реализирана со цел разивање на проектна идеја и пополнување на апликација за акцијата Грундвиг Партнерства за учење, за 2010 година. Организација домаќин е Отвореното училиште Халле-Вилворде од Брисел Белгија.

Национална агенција
за европски образовни
програми и мобилност





Жарко Гиновски
Хуманитарна организација „Помош за стари и сиромашни“ Прилеп
*Грундвиг Подготвителни посети 2009*
*Брисел, Белгија, ноември 2009*
*MKLLP-GRU-A.1.1-2009-0004*